Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

рег. бр. 16.1.2-421/3
Скопје 31. 03. 2023

До

**Предмет: Решение за делумно одбивање на пристап**

Министерството за внатрешни работи, врз основа на член 14, 20, 21 и 24 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер(“Сл.в. на РСМ„ бр.101/2019), а согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер(“Сл.в.на РСМ„ бр.60/20), а во врска со Барање од , со бр.16.1.2-421/1 од 15.03.2023 година, го донесе следното,

РЕШЕНИЕ
**за делумно одбивање на пристап до бараната информација**

Барањето на барателот делумно се одбива бидејќи согласно член 6 став 1 алинеа 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер Сл. весник на РСМ бр.101/2019) дел од бараната информација претставува исклучок од слободен пристап до информации, односно дел од бараната информација е информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката.

Имено, Министерството за внатрешни работи, Одделот за односи со јавност и стратешки прашања при донесување на ова Решение со кое делумно го одбива пристапот до информација врз основа на член 3 став 1 параграф 6 и член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РСМ бр.101/2019) го спроведе задолжителниот „Тест на штетност“ со рег. бр. 16.1.2-421/4, утврдувајќи дека со давањето на дел од бараната информација ќе има последици врз работењето на Министерството.


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222 www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.16.1.2-421/1 од 15.03.2022 година до Министерство за внатрешни работи.

По добивањето на барањето од Оддел за односи со јавност и стратешки прашања истото беше доставено до Одделот за граѓански работи, а во кое Барање беше содржано прашањето: „Колку случаи на незаконски риболов се регистрирани од Охридското езеро во 2013, 2014, 2015, 2016, 2017, 2018, 2019, 2020, 2021, 2022 и 2023 година? (барам документи)", одговорот е дека барање за увид во документи-кривични пријави, согласно одредбите од Законот за класифицирани информации (Сл.весник на РСМ бр.275/19), не е дозволен увид во кривичните пријави, доколку лицето не го докаже правниот интерес за увид во истите, и не поседува соодветен безбедносен сертификат. При тоа согласно наведеното нема исполнетост на законските услови за да се обезбеди физички увид, препис, фотокопија, електронски запис или друго, во соодветните кривични пријави.

Министерството за внатрешни работи, Одделот за односи со јавност и стратешки прашања постапувајќи по одговор добиен од страна на Одделот за граѓански работи утврди дека дел од бараната информација претставува исклучок од информациите од јавен карактер согласно член 6, став 1 алинеа 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РСМ бр.101/2019), односно дел од бараната информација е информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката.

## ДЕЛУМЕН ОДГОВОР

Во однос на барањето **по извршените проверки во надлежните организациски единици (СВР Охрид) и согласно податоците со кои располагаме во службените евиденции**, Ве известуваме за следното:

На подрачјето на СВР Охрид, при преземените мерки и активности од Полициската станица од општа надлежност Охрид, ОВР Струга и и Секторот за гранични работи - Регионален центар „Запад", со цел откривање на сторители на

кривичното дело „незаконит риболов" во Охридското Езеро, **во периодот од 2013 до месец март 2023 година** регистрирани се вкупно **103** кривични дела по член 229 од КЗ, или по години:

- 2013 – вкупно 8 кривични дела(КД) (Охрид-5, Струга-3)
- 2014 – вкупно 5 КД (Охрид-4, Струга-1)
- 2015 – вкупно 18 КД (Охрид-13, Струга-5)
- 2016 – вкупно 20 КД (Охрид-20)
- 2017 – вкупно 12 КД (Охрид-11, Струга-1)
- 2018 – вкупно 16 КД (Охрид-14, Струга-2)
- 2019 – вкупно 8 КД (Охрид-4, Струга-4)
- 2020 – вкупно 4 КД (Охрид-4)
- 2021 – вкупно 3 КД (Охрид-3)
- 2022 – вкупно 5 КД (Охрид-4, Струга-1)
- 2 месеци од 2023 – вкупно 4 КД (Охрид-4)

**Правна поука**: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Изработил: Јован Пешевски**
**Контролирал: Сузана Прањиќ Талевска**
**Одобрил: Наталија Спирова**

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
Тони Ангеловски



Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија

Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија

+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015